# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12 и 43/14) и точка 231 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр.47/12, 50/13 и 71/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 106/15)**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/12 и 109/12), во точката 17 потточка 17.1, ставот 1 се менува и гласи:

„Банката ги пополнува сите колони од образецот за секоја валута во која има активни и пасивни позиции коишто претставуваат изложеност на валутен ризик, вклучувајќи ги и денарските активни, односно денарските пасивни позиции со девизна клаузула. Под денарски активни, односно денарски пасивни позиции со девизна клаузула се подразбираат позициите чијашто вредност е во директна зависност од односот помеѓу домашната и странска валута, без разлика дали курсирањето се врши редовно, периодично, опциски или слично. Позициите коишто согласно со Одлуката се вклучуваат во нето - девизната позиција во една валута, се прикажуваат на начинот утврден со точката 108 од Одлуката."

2. Во точката 56 во потточката 14), се додава нова реченица којашто гласи:
„По исклучок, штедилницата го внесува износот од редот бр.V помножен со 20% или збирот на редовите 2, 5, 7 или 8 и 12, помножен со 2,5."

3. Штедилниците се должни да се усогласат со одредбите од ова упатство најдоцна до 31 декември 2015 година.

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**У.бр. 22586**
**24 јуни 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**Димитар Богов**